Центарот за современи уметности – Скопје во рамките на проектот „Креативни заедници" објавува:

**ПОВИК ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

Овој повик се однесува на поддршка на различни локални иницијативи кои би се спроведувале на ниво на заедници, а е дел од проектот „Креативни заедници" кој Центарот за современи уметности го имплементира со поддршка на Проект на УСАИД за граѓанско учество.

Под поимот локални иницијативи се подразбираат културни, развојни и проблемски ориентирани иницијативи од било кој дел на Македонија кои имаат за цел да го охрабрат граѓанското учество, самоорганизацијата и креирање различни настани, акции и програми на ниво на заедници. Локалните иницијативи треба да ги охрабрат и поттикнат граѓаните со заеднички труд на повеќе членови на заедницата да работат на унапредувањето на развојот на заедницата.

Право на учество/имплементација на локални иницијативи имаат локални граѓански/невладини организации и здруженија, месни заедници, граѓански иницијативи, локални спортски и други друштва и чинители кои активно работат на унапредувањето на одредени сектори во рамките на заедниците.

Финансирањето на локалните иницијативи ќе биде директно од страна на Центарот за современи уметности (ЦСУ) – Скопје, во рамките на проектот „Креативни заедници ", со максимален износ до 48.000 ден., невклучувајќи ги тука логистичката, стручната и техничката помош на иницијативата која е предвидена за имплементација.

Локалните чинители исто така се охрабруваат да изнајдат материјални и нематеријални средства и од други извори.

**Овој циклус на повикот е отворен до 27-ми април 2018.**

За подетални информации контактирајте не на scca@scca.org.mk, 02/313 3541, или на FB https://www.facebook.com/cacskopje.

---

Овој повик е подготвен од тимот на Центарот за современи уметности (ЦСУ) – Скопје, грантист на проектот на УСАИД за граѓанско учество, со поддршка од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Ставовите изразени во овој повик им припаѓаат на авторите и не ги изразуваат ставовите на УСАИД или Владата на САД.